Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1264/2
Датум 04. 04. 2019

# ЗАПИСНИК
# ОД УВИД ВО УПРАВНИОТ СУД

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 28.02.2019 година (четврток) во 9.00 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година го започна увидот во функционалноста на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Управниот суд.

Претходно, со писмо од 13.11.2018 година претседателот на Управниот суд судија Бурим Сејдини го извести Министерството за правда за проблемите со кои се соочува судот во однос на огромен број на неархивирани предмети и исто така голем број на предмети кои не се доставени во постапка по жалба до Вишиот управен суд. Имено, во периодот од 2009 до 2018 година постојат вкупно 3328 жалби кои се уште не биле доставени во постапка до Вишиот управен суд. Исто така, во периодот од основањето на Управниот суд заклучно со 2017 година во судот имало вкупно 100.670 неархивирани предмети. Во периодот од 2017 до денес биле превземени дополнителни мерки и биле архивирани вкупно 14350 предмети, но се уште за архивирање имало 98322 предмета.

Од Извештајот на Вишиот управен суд 0807 Су-03 бр.13/2017 се наведува дека на увид бил доставен список од околу 800 предмети за кои биле изјавени жалби уште во 2014, 2015, 2016 и 2017, но во истиот немало податоци дали и кога е постапено. Биле дадени напатствија да се ажурира списокот за да се добиела слика колку предмети по жалба има секој судија . Исто така неопходно е точно да се утврди бројот на погрешно заведени жалби бидејќи нема точни податоци и се оперира со бројка од 500.

Понатаму, во Извештајот на Вишиот управен суд за извршена посета во Управниот суд на ден 10.07.2018 година било констатирано дека во одделот У-4 се


Министерство за правда на Република Северна Македонија | Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија | +389 2 3116 493 www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр.
датум

ЗАПИСНИК
ОД УВИД ВО ВИШИОТ УПРАВЕН СУД

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 05.03.2019 година (четврток) во 9.45 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година го започна увидот во функционалноста на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Вишиот управен суд .

Претходно, со писмо од 27.02.2019 година претседателот на Вишиот управен суд беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид. Се укажува дека АКМИС во Вишиот управен суд е инсталиран и започнува со работа во 2013 година.

Увидот во функционалноста на Автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и од Судскиот деловник. Претседателот на судот укажа дека во судот има само еден стручен соработник кој работи како записничар и постои застој во судењата бидејќи се чека да се ослободи записничарот за да може друг совет да одлучува.

*Се препорачува итно да се надмине оваа состојба со пополнување на работните места за стручни соработници.*


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Понатаму, се отвори прашањето за состојбата во Управниот суд со голем број на недоставени предмети по жалба до Вишиот управен суд, а која состојба е констатирана и во Извештајот за извршен надзор. Имено од извештајот за извршена посета во Управниот суд на ден 10.07.2018 година било констатирано дека во одделот У-4 се постапувало неажурно, односно од поднесување на жалба до препраќање на истата на одговор и барање на списи по предметот поминувале по неколку месеци, а кај некој предмети и години за да се постапи. Ваквата состојба била констатирана и во 2014, 2015, 2016 и 2017 година и истата не се надминувала туку цело време се оправдува со недостаток на персонал. Исто така, во Извештајот на Вишиот управен суд од 25.02.2019 година се констатирани истите слабости со благо подобрување на состојбата во одделни совети.

Се известува Вишиот управен суд дека на Управниот суд му е препорачано да изготви план и програма за надминување на цитираната состојба заради што му се препорачува на Вишиот управен суд да одржи состаноци со понискиот суд заради итно надминување на состојбата со недоставени предмети по жалба.

Надзорната комисија побара за увид бројни документи и притоа беше утврдено следното:

1. Беше констатирано дека се донесени одлуки за формирање на работното тело и истите се составен дел на Годишниот распоред за работата на судот. При тоа, беше укажано дека одлуките не се изготвени во АКМИС и истите постојат само во пишана форма и се чуваат во регистри.

2.Констатирано е дека внатрешни процедури и Годишен план за управување со предметите за 2017, 2018 и за 2019 година се донесени.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

3. Од увидот во бараните документи, надзорната комисија констатираше дека претседателот на судот врши редовни контроли над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019, за што постојат службени белешки.

4. Комисијата за надзор утврди дека Врховниот суд на Република Северна Македонија никогаш не направил увид во работата на Вишиот управен суд.

5. Дополнителни обуки на судии и стручни соработници за користење на АКМИС не се вршени. Тековни обуки за работење на АКМИС врши судскиот информатичар .

6. Судот нема судски администратор. Имајќи ја во предвид надлежноста на судскиот администратор предвидена со Судскиот деловник, му се укажува на претседателот на судот дека е неопходно пополнување на ова работно место.

7. Не е изготвен список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период .

8. Претседателот на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија најдоцна до 1 март.

9. Во судот има три специјализирани судски совети : за имотно правна област и други права, судски совет за пензии, инвалидски, социјални права, права од работен однос и други права и судски совет за финансиски, царински, даночни и други права, со вкупно 12 судии.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

10. Годишниот распоред за работа на судии за 2018 година е донесен на ден 28.12.2017 година, работата во судот е организирана во специјализирани судски совети од причина што во судот нема пет судии кои работат на иста област. Годишната програма е изменета еднаш на 04.06.2018 година заради организациски потреби на судот, запазувајќи ја процедурата за негово донесување и изменување;

Годишниот распоред за работа на судии за 2019 година е донесен на ден 04.12.2018 и не е менуван.

11. Донесени се распореди за дежурства за период на годишни одмори.

12. Во судот на видно место е поставена огласна табла.

13. Судски службеник задолжен за распределба и прераспределба на предмети е определено .

14. Исклучување на судија од автоматска распределба на предмети се врши со Одлука на претседателот на судот заради отсуство подолго од пет работни дена. Во судот се донесени одлуки со кои се определуваат заменски судии за претседател и членови на совети во случај на отсуство и прераспределбата на предметите се врши преку АКМИС.

15. Се констатираше дека по барањата за изземање на судија се одлучува со решение во кое се цитира основот за изземање и предметот се доставува на повторна распределба преку АКМИС.

16. План за годишен одмор на судиите за 2017, 2018 и 2019 година е донесен

17. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот

Направен е увид во уписниците УЖ-1 УЖ-2, УЖ-3, УЖВМ -1, УЖВМ -2, УЖВМ -3, УИЖ-1, УИЖ -2, УИЖ-3 , УРПЖ, УПОВ.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба и нема уписници за кои е задолжен само еден судија, освен уписниците од судска управа за кои постапува претседателот на судот.

18. Нема рачна распределба на предмети ниту рачна прераспределба.

19. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.

Даден е на увид список на ИТ опрема со која располага Вишиот Управен суд. Членовите на комисијата – информатичарите констатираа дека капацитетот на серверот е недоволен за нормално функционирање на апликацијата, а посебно за редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци.

20. Скенирање на влезни документи во судот не се врши целосно од причина што има недостаток од човечки персонал и техничка опрема.

21. Формирана е канцеларија за односи со јавност.

22. Распределбата на предметите во судот се врши секој ден во 14.00 часот, а итните предмети се распоредуваат веднаш.

23. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот

Одлуките се објавуваат редовно.

24. Електронски прием на предмети од страна на судиите се врши редовно

25. Сеуште во хартиена форма се водат сите СУ уписници паралелно со електронските уписници

Во делот на судска управа констатирано е дека се водат сите уписници во електронска форма, а актите за конкретните предмети се изготвуваат само во

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

уписниците СУ-ИЗЗ, УПП и СПИ. Во другите уписници актите не се изготвуваат, туку ги работат надвор од системот АКМИС.

Увидот заврши на ден 05.03.2019 година во 13.30 часот.

Членови на надзорна комисија:



Министерство за правда на
Република Северна Македонија

Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk